РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3827/10
03.11.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЗАПИСНИК
од 36. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 27.10.2026 година

Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видеоконференциска врска:

- **Претседател на Советот:** м-р Сашо Стефановски
- **Заменик на претседателот на Советот:** м-р Зирјета Јајага
- **Членови на Советот:** Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, м-р Гордана Мајнова, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /.

Присутни од раководството на Агенцијата преку видеоконференциска врска: Мухамер Беќири, заменик на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска: м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Емилија Јаневска, Ивона Муфишева, Маја Дамевска и Сергеј Тодоровски.

Други присутни: /

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски ја отвори 36. седница на Советот. Седницата почна во 13:05 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 7 гласа „за“, го усвои следниот:

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Усвојување Предлог-записник од 35. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.10.2026 година.

2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ;

3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар за прекршување на член 14 од ЗМ

4. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на ТДР Спектра, Општина Лабуништа ДООЕЛ.

5. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на РТД Радио Кочани ФМ ДОО Кочани.

6. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Фортуна Виолета ДООЕЛ Скопје.

7. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на РТД Мапедито-Радио Мефф ДООЕЛ Прилеп.

8. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Антена 5 ДОО Скопје.

9. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на ТРД Радио Канал 77 ДООЕЛ Штип.

10. Разно.

Точка 1

Советот го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 35. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 21.10.2026 година, со текст како што беше предложен.

Точка 2 и 3

Заменик на директорот на Агенцијата, Мухамер Беќири, појасни дека се работи за неисполнување на обврската за емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, поради што предложи на ТРД ТВ Дуе Назми ДООЕЛ Гостивар да му биде изречена мерка јавна опомена. Воедно, во врска со прекршувањето на член 14 од Законот за медиумите, објасни дека станува збор за необјавување импресум со податоци за програмата на крајот од емитуваната програма.

Заменик на претседателот на Советот, м-р Зирјета Јајага, процедурално предложи, покрај редовните надзори, Агенцијата да посвети дополнително внимание на својата превентивна и едукативна улога во однос на радиодифузерите. Притоа, нагласи дека службите на Агенцијата се во постојана комуникација со радиодифузерите и им даваат поддршка во исполнувањето на нивните законски обврски, но оцени дека би било корисно во наредниот период да се организираат тематски средби и работилници со локалните радиодифузери, по региони.

На овие средби би се дискутирало подетално за законските обврски, техничките стандарди и најчестите неправилности во работењето, со цел да се

подигне информираноста на радиодифузерите и да се намали можноста за повторување на утврдените пропусти.

Гласање по точка 2

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен програмски надзор и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТВ Дуе Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена, согласно член 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со Решението, на операторот да му се наложи, согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со законските одредби.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи, по истекот на рокот определен во Решението, да изврши контролен надзор со цел да утврди дали радиодифузерот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот да го објави Решението на веб-страницата на Агенцијата.

Гласање по точка 3

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен административен надзор и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТВ Дуе Назми ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена, согласно член 14 од Законот за медиуми. Со Решението, на операторот да му се наложи, согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст), бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со законските одредби.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи, по истекот на рокот определен во Решението, да изврши контролен надзор со цел да утврди дали радиодифузерот постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот да го објави Решението на веб-страницата на Агенцијата.

Точки 4, 5, 6, 7, 8 и 9

Заменик на директорот на Агенцијата, Мухамер Беќири, појасни дека точките 4, 5, 6, 7, 8 и 9 од Дневниот ред се однесуваат на продолжување на дозволите за телевизиско и радиоемитување на шест радиодифузери. Бидејќи во претходниот период, во кој ги поседувале дозволите, кај ниту еден од радиодифузерите не биле констатирани прекршувања на Изборниот законик потврдени со правосилна судска одлука, ниту прекршувања на посебните одредби од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, предложи на сите шест радиодифузери да им бидат продолжени дозволите за телевизиско и радиоемитување за наредниот деветгодишен период. Посочи дека, со оглед на тоа што станува збор за иста постапка и кај сите радиодифузери се исполнети условите за продолжување на дозволите, нема потреба секоја точка да се образложува одделно.

Членот на Советот, м-р Гордана Мајнова, истакна дека нема дополнителни забелешки, со оглед на тоа што кај радиодифузерите не се констатирани прекршувања на релевантните законски одредби, и им посака успешна работа во наредните девет години.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, се приклучи кон честитките, посакувајќи им добар сигнал и квалитетен прием на слушателите и гледачите.

Гласање по точка 4

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузна дејност Спектра, општина Лабуништа ДООЕЛ, со текст како што е предложена. Дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузна дејност Спектра, општина Лабуништа ДООЕЛ, Уп1 бр.08-56 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по точка 5

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Радио Кочани ФМ ДОО Кочани, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Радиодифузното трговско друштво Радио Кочани ФМ ДОО Кочани, Уп1 бр.08-106 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по точка 6

Советот на Агенцијата едогласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Фортуна Виолета ДООЕЛ Скопје, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Фортуна Виолета ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-82 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по точка 7

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Радио дифузното трговско друштво Мапедито-радио Мефф ДООЕЛ Прилеп, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Радио дифузното трговско друштво Мапедито-радио Мефф ДООЕЛ Прилеп, Уп1 бр.08-118 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по точка 8

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Антена 5 ДОО Скопје, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Антена 5 ДОО Скопје, Уп1 бр.08-63 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна

Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Гласање по точка 9

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 Штип, со текст како што е предложена. Дозволата за радиоемитување на Трговското радиодифузно друштво Радио Канал 77 Штип, Уп1 бр.08-64 од 7.9.2023 г., се продолжува за време од 9 (девет) години, за период од 5.1.2027 г. до 4.1.2036 г.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“, на веб-страницата на Агенцијата и да ја достави до радиодифузерот.

Точка 10

Во рамки на точката „Разно“, заменик-претседателката на Советот, м-р Зирјета Јајага, им ги честиташе продолжените дозволи на радиодифузерите и им посака успешна работа, со надеж дека нивниот придонес ќе овозможи поквалитетен медиумски етер. Воедно, информираше дека дозволите свечено ќе им бидат доделени во просториите на Агенцијата.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
претседател на Советот,

м-р Сашо Стефановски